3 СТ-124/18

**Записник**
**за одржано собрание на доверители за одлучување по предлозите за отварање на постапка и гласање по планот за реорганизација на должникот АД ТЕТО на ден 14.06.2018**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**

**Од судот присутни:**
**Стечаен судија**
**Сашка Трајковска**

**Записничар,**
**Нинослава Џингова**

**За предлагачот,**

**За должникот,**

**Стечаен управник,**

Со оглед дека постојат технички пречки, судот не е во можност да пристапи кон тонско снимање на рочиштето

Присутен е привремен стечаен управник Маринко Саздовски .

За предлагачот - должник полномошник Аница Цветановска адвокат од Скопје.

Вадим Михаилов од Русија, чиј идентитет е утврден со патна исправа, Кристина Симеонова Стојменова, вработена кај доверителот,

За доверителите

- Битар Холдинг Лимитед Михаил Камперис, Атина Р.Грција чиј идентитет е утврден со патна исправа
Се констатира дека полномошникот Никола Арсовски, адвокат од Скопје, достави до судот понесок со кого известува дека го има откажано полномошното на доверителот.

- Ланденс банка Берлин - Глос Јерк Хериберг, со уредно полномошно за застапување заверено кај нотар од 1.6.2018 г.

- Топлификација АД Скопје - полномошник адвокат Нефтенов Панче од Скопје, присутен е и привремениот стечаен управник Ацо Дамчевски од Скопје.

- Гама Гуч Систем Лери Мухендисал -ВЕ КВЕА ХХ УТ А.Ш - адвокат Ален Никочевиќ од адвокатско друштво ДДК од Скопје.

- Комерцијална банка АД Скопје - Емира Жарновска, вработена кај доверителот со уредно полномошно

- Тето Гас Трејд - Ристо Синадинов, управител чиј идсентитет е утврден со тековна состојба и лична карта и полномошник Васко

Соткаровски со уредно полномошно

- Балкан Енерџи Секјурити - управител Љупчо Станковски, чиј идентитет е утврден со лична карта и тековна состојба и Васко Соткаровски со уредно полномошно

- Балкан Енерџи Груп - Димитар Кочовски чиј идентитет е утврден со лична карта, претседател на Управен одбор на доверителот кој приложи уредна тековна состојба за доверителот

Во судницата како јавност се присутни претставник од Здружение за заштита на правата на акционери кај доверителот Топлификација Христо Иванов, ч иј идентитет е утврден со лична карта, Ивица Стојановски со неуредно полномошно, Мартин Моневски чиј идентитет судот не го утврди со оглед дека истиот не поседува документ за идентификација.

Во судницата присутни се претставници Танер Демирџи, претставник од амбасада на Р.Турција, главен советник на трговија, кој има интерес да го следи судењето со оглед дека има доверители за кои има интерес од доверител од Турција.

Се опоменува јавноста дека се должни во смисла на чл. 293 и чл. 292 од ЗПП да го п очитуваат редот и м ирот во судницата и во спротивно доколку истите го нарушат редот и мирот во судницата, судот во смисла на чл. 293 став 2 од ЗПП ќе ја исклучи јавноста.

**СЕ УКАЖУВА** на претставниците на должникот, претставници на доверителите кои се странски државјани и не го познаваат македонскиот јазик дека имаат право на преведувач-толкувач согласно член 7 од Законот за стечај и член 6 од ЗПП.

За преставникот на должникот - Вадим Михаилов има обезбедено овластен судски преведувач од македонски јазик на руски јазик и обратно преведувач Талеска Катерина од Скопје со број на лиценца 07-3540/2 од 31.10.2012 година од РМ Министерство за правда и овластен судски преведувач од македонски јазик на англиски јазик, полски, руски и обратно преведувач Арсовска Сунчица од Скопје со број на лиценца 07-3833//2 од 22.12.2014 година од РМ Министерство за правда и идентитетот е утврден во лична карта.

За претставникот на доверителот Ланденс Банка Германија има обезбедено овластен судски преведувач од македонски јазик на германски јазик и обратно преведувач Жан Станоевски од Скопје со лиценца од РМ Министерство за правда од 01.02.2005 година бр. 08-13652/2004-2 од 2005 година и идентитетот е утврден со патна исправа.

За сите овластени преведувачи приложени се лиценци за овластен преведувач.

**Судот констатира** дека на ден 05.06.2018 година судот одржа собрание на доверители за разгледување на забелешките и приговорите поднесени против планот за реорганизација на должникот од 26.04.2018 година.

**Судот констатира** дека од страна на должникот е постапено по задолжението на судот од 05.06.2018 година и до судот е поднесен пречистен текст на планот за реорганизација и достевен на ден 08.06.2018 година. Пречистениот текст е доставен уредно до сите доверители присутни на собранието од 05.06.2018 година и достави докази за прием на истиот,по кој доверителите треба да гласаат на денешното собрание.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите ЛАНДЕНС БАНК Германија и Битер Холдинг Лимитед на ден 12.06.2018 година до судот имаат поднесено писмени изјави заверени од нотар и преведени дека гласаат ЗА прифаќање на пречистениот текст на планот за реорганизација .

**СЕ КОНСТАТИРА** дека до судот на ден 13 .06.2018 година до судот се поднесени понесоци од Топлификација АД Скопје преку полномошник Панче Нефтенов адвокат од Скопје и ГАМА ГУЧ .Систем Лери Мухендисал -ВЕ КВЕА ХХ УТ А.Ш, преку Адвокатско Друштво ДДК Скопје и поднесок од Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека на денешното собрание на доверители присутни се доверители со 90,14% од вкупно утврдените побарувања присутни на собранието.

На собранието присутни се доверители со 100% од првата класа на обезбедени доверители, 87% од втората класа на необезбедени доверители, по што судот констатира дека се исполнети условите за одржување на собрание на доверители за гласање по планот за реорганизација поднесен од должникот пречистен текст на планот за реорганизација.

Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Да се одржи собрание на доверители.

Пред започнување на денешното рочиште полномошникот на доверителот АД Топлификација Скопје побара изземање на судијата Сашка Трајковска која постапува по предметот, кој наведе дека барам претседатаелот на судот судијата која постапува по предмето 3 СТ 124/18 над стечајниот должник Друштво за производство на ел. и топлинска енергија ТеТо Скопје да ја изземе. Причините ко и ги наведувам се темелат на пристрасноста на судијата при постапувањето во овој предмет и нејзиниот исклучиво личен однос кон некои од доверителите кои во оваа постапка се со необезбедени побарувања. Таквото однесување на судечкиот судија се забележи уште на минатото

рочиште со самиот факт што истата во оваа постапка наместо да постапува согласно Законот за стечај, истата направи неколку незаконитости со кои ја импровизира целата постапка. Со самиот факт што истата не постапи согласно одредбите од Законот за стечај, па неуредениот предлог за поведување на стечајна постапка наместо истиот да го отфрли, истата со импровизација му дозволи на стечајниот должник незаконитите дејствија да ги конвалидира. Законот за стечај не познава термин уредување на предлог. Законот за стечај не познава предлог - пречистен текст. убеден сум дека почитуваниот судија ги владее одредбите од ЗПП и знаел и бил должен да знае како да постапува во оваа постапка. Спротивно на тоа, во ситуација кога постојат оспорени побарувања за кои се води парнична постапка, а по мои сознанија се води и кривилчна постапка, а кои се непосредно поврзани токму со овие побарувања, со кои доверителот Битар Холдинг сака овој план за реорганизација да успее, бил доволен сигнал стечајниот судија кон овој предмет да постапува со особено внимание. Но, не по секоја цена да инсистира на завршување на овој предмет со усвојување напланот за реорганизација кој е така конципиран каде што фактички има само еден доверител и кој ја има моќта единствено тој да донесе одлука по планот. Со оглед на фактот дека постојат и останати процесни пречки кои се детално опишани во поднесокот од 13.6.2018 г. сметам дека судечкиот судија во овој предмет постапува пристрасно и дека со нејзиото постапување се фаворизира само еден доверител. Од тие причини барам претседателот на судот истата да ја изземе од овој предмет.

Полномошникот на доверителот Гама Гуч се приклучи к о н забелешките изнесени од полномошникот на доверителот Топлификација АД Скопје во делот на процедуралните пречки за понатамошно водење на оваа постапка, па како судот очигледно одбива да се произнесе по истите, доверителот Гама Гуч е принуден да постави свое барање за изземање на судијата по предметната стечајна постапка, а за запознавање на претседателот за причините, истите ги доставувам во писмена форма. Сомневањето во непристрасноста на судот произлегува од фактот што не само што се дава можност на должникот во текот на веќе инициран предлог за отворање на стечајна постапка да го менува поднесениот план за реорганизација кој впрочем е нов план за реорганизација и прифаќањето на судот во рамките на таа реорганизација да се прифати поделба на класа спротивна на Законот за стечај, особено во делот на можноста која судот ја дава на поврзаните лица стечајниот должник, поточно неговите акционери и содружници како и доверители од понизок исплатен ред да се вметнат во класа со доверители од повисок исплатен ред со што се доведува во целост целта на Законот за стечај штопретставува колективно намирување и заштита на интересите на доверителите а не на стечајниот должник и неговите поврзани лица. незаконитоста напланот за реорганизација кои судот одбива да го отфрли, и покрај изричита законска должност за истото, произлегува од фактот што т.н. пречистен текст на планот за реорганизација е поднесен до судот на 6.6.2018 г. што значи спротивно на одредбата од чл. 215 став 2 т.1 каде што јасно се вели дека планот се поднесува заедно со предлогот, а не по него. Во рамките на т.н.

пречистен текст не се содржани суштествени елементи предвидени во ЗС, поточно во рамките на истиот стечајниот должник пробува да вметне изјави од множински доерители со кои истсите го прифаќаат планот за реорганизација понуден и преговаран со истите кој е поднесен со самиот предлог, меѓутоа не предложува изјави за негово прифаќање на новиот план т.н. пречистен текст. Воедно, судот прави повреда на ЗС особено на фактот дека иајко е поднесен нов план за реорганизација со нови класи, со нов начин на намирување на доверители со необезбедени побарувања, со необјавување на оглас на судот за таквиот план и повикување на сите доверители и забелешки наистисот се повредуваат правата на сите необезбедени доверители кои со стариот план биле превидени 100% намирување, а со новиот се предвидува само 10% намирување, а за кои нов начин на намирување истите воопшто не се запознаени. Поради ваквите повреди на процедурата од страна на судијата поднесуваме барање за изземање поради сомневањето во непристрасноста на судија та.

Со оглед дека се работи за стечајна постапка која по закон согласно чл. 7 од ЗС е итна постапка, судот во овој момент ја прекинува постапката и дава пауза во рок од 1 час да се одлучи по барањето за изземање од страна на претседателот на судот.

Рочиштето се прекинува во 12,00 часот.

По однос на барањата за изземање е донесена одлука со која барањата се одбиваат како неоснована. Против ова решение не е дозволено право на жалба. Странките ќе добијат одлука во писмена форма.

Судот донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Собранието да продолжи.

Полномошникот на должникот наведе дека останува кон поднесениот предлог сите писмени нводи, како и усни истакнати на претходно рочиште по забелешките истакнати од страна на доверителите. Сметам дека согласно ЗС се исполнети условите посебно чл. 5, па предлагам да се пристапи кон гласање на предложениот пречистен план за организација.

Привремениот стечаен управник Маринко Саздовски од Скопје наведе дека извештајот за економско финасиската состојба на должникот го изложив на рочиштето одржано на 5.6.2018 г., а врз основа ан пречистениот текст на планот за реорганизација од должникот, изготвив и дополнување на извештајот за економско-финансиската состојба кое е депонирано во стечајниот оддел на судот. По однос на пречистениот текст изготвен од должникот и во дполнувањето на извештајот за

економско-финансиска состојба истакнав и сега истакнувам дека истиот е изготвен врз веродостојни исправи во аналитичката книговодствена евиденција. Должникот е неспособен за плаќање и по тој основ се исполнети условите за отворање на стечајна постапка по ч. 5 од ЗС, а врз основа на изготвениот план за реорганизација од должникот има услови за спроведување на планот за реорганизација соглано чл. 215 а од ЗС заради намирување на доверителите во обем и динамика предвидени во планот.

По ова судот пристапи кон гласање по Пречистениот план за реорганизација и доверителите гласаа на следниот начин:

Доверителот Комерцијална банка АД Скопје гласа "ПРОТИВ" прифаќање на пречистениот план за реорганизација од причини што должникот не ги прифати забелешките на доверителот Комерцијална банка. Доколку се донесе ваков план ќе бидат оштетени доверителите од втор обезбеден ред. Посредно ќе биде оштетена и банката.

Доверителот Ланденс банка Берлин гласа "ЗА" прифаќање на пречистениот план за реорганизација.

Доверителот Гама Гуч гласа "ПРОТИВ" прифаќање на пречистениот план за реорганизација

Доверителот Битар Холдинг Лимитед Михаил Камперис, Атина Р.Грција гласа "ЗА" прифаќање на пречистениот план за реорганизација.

Доверителот Топлификација АД Скопје гласа "ПРОТИВ" прифаќање на пречистениот план за реорганизација од сите причини наведени во поднесоците и истакнати во текот на досегашната постапка, како и од причини што постапката која доведе до денешното гласање е во спротивност со закон.

Доверителот Тето Гас гласа "ЗА" прифаќање на пречистениот план за реорганизација

Доверителот Балкан Енерџи Секјурити гласа "ЗА" прифаќање на пречистениот план за реорганизација

Доверителот Балкан Енерџи Груп гласа "ЗА" прифаќање на пречистениот план за реорганизација

**СЕ КОНСТАТИРА дека за прифаќање на планот за реорганизација гласаа ЗА 82,38% од вкупно присутните доверители со утврдени побарувања.**

**СЕ КОНСТАТИРА дека за прифаќање на планот за реорганизација гласаа ПРОТИВ 17,62% од вкупно присутните доверители со утврдени побарувања.**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека “ЗА“ прифаќање на планот за реорганизација од првата класа на обезбедени побарувања гласаа 95,86%

**СЕ КОНСТАТИРА** дека “ПРОТИВ“ прифаќање на планот за реорганизација од првата класа на обезбедени побарувања гласаа 4,14%

**СЕ КОНСТАТИРА** дека “ЗА“ прифаќање на планот за реорганизација од втората класа на необезбедени доверители гласаа 77,45%

**СЕ КОНСТАРИРА** дека “ПРОТИВ “ прифаќање на плаот за реорганизација од втората класа на необезбедени доверители гласа 22,55%

**СЕ КОНСТАТИРА** дека Собранието донесе одлука со која се прифаќа и усвојува поднесениот пречистен текст на планот за реорганизација од 08.06.2018 година. Планот е изгласан со 82,38% од признаените побарувања присутни на собранието од доверителите со право на глас, со 95,86 % од првата и 77,45% од втората класа на доверители.

Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Да се изведе доказна постапка:

Се чита: Предлог за спроведување на план за реорганизација пред отворање на стечајна постапка со план за реорганизација подготвен од должникот од 24.04.2018 година, тековна состојба за полномошникот на должникот од 15.12.2017 година, тековна состојба за должникот од 05.04.2018 година, потврда од НЛБ Банка АД Скопје од 19.04.2018 година, потврда од Комерцијална Банка АД Скопје од 19.04.2018 година, потврда од Охридска Банка АД Скопје од 19.04.2018 година, информација од ЦР на РМ од 19.04.2018 година, налог за извршување И бр.353/18 од извршител Васко Блажевски од 12.03.2018 година, известување од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ врска И бр.205/18 од 02.04.2018 година, налози за извршување И бр.205/18 од 02.04.2018 година, сертификат за овластен стечаен управник на име Маринко Саздовски од 15.11.2017 година од Комора на стечајни управници на РМ, потврда од Комора на стечајни управници од 15.11.2017 година, Статут на должникот од 02.02.2018 година, план за реорганизација на должникот од 26.04.2018 година, решение од 26.04.2018 година, решение 3 СТ-124/18 од 26.04.2018 година, допис од извршител Магдалена Симовска Давидовиќ од 27.04.2018 година, уредување на предлогот поднесен од должникот од 30.04.2018 година,

поднесок од Топлификација од 30.04.2018 година со тужба со предлог за издавање на привремена мерка поднесена до судот на ден 25.04.2018 година, одговор на дописот од судот од 30.04.2018 година, информација од ЦР на РМ од 27.04.2018 година, извештај за економско финансиската состојба на должникот изготвен од должникот од 30.04.2018 година, изјава од должникот од 30.04.2018 година, записник од состанок на Управен одбор број 6 од 12.03.2018 година, одлука од Управен одбор на должникот од 12.03.2018 година со превод од 05.04.2018 година, изјава од Триглав доставена по е-маил од 05.04.2018 година, записник од состанок од 05.04.2018 година кај должникот, записник од состанок кај должникот од 06.04.2018 година, 09.04.2018 година, 10.04.2018 година, 10.04.2018 година, дополнување на вонреден ревизорски извештај од 15.03.2018 година од Друштво за ревизија Аудит Македонија од 02.05.2018 година, решение за поведување на претходна постапка на должникот 3 СТ-124/18 од 02.05.2018 година, допис од 04.05.2018 година, барање за увид од Топлификација од 09.05.2018 година, поднесок од Топлификација од 14.05.2018 година, барање за увид од Гама Гуч од 15.05.2018 година, поднесок од 17.05.2018 година од извршител Васко Блажевски од Скопје, барање за извршување од 20.03.2018 година И бр.728/18 кај извршител Васко Блажевски од Битар Холдинг Лимитед, солемнизација - потврда на приватна исправа од нотар Снежана Сарџовска од 08.03.2018 година, спогодба за регулирање на права и обврски со клаузула на извршност, налог за забрана на побарување од должников должник од 22.03.2018 година, поединечни договори за продажба на електична енергија од 18.12.2017 година, фактура бр.013/18 од 31.01.2018 година, договор од 18.12.2017 година, фактура бр.037/2018 од 28.02.2018 година, договор од 17.01.2018 година со фактура бр.038/18 од 28.02.2018 година, известување од 26.03.2018 година, налог за пренос на побарување согласно член 133 од ЗИ од 04.04.2018 година, забелешки - приговор од Топлификација од 21.05.2018 година со прилог докази, поднесок од Комерцијална Банка забелешки на планот со докази од 21.05.2018 година, забелешки од доверителот Гама Гуч од 22.05.2018 година со докази, поднесок од должникот од 29.05.2018 година, одлука од Управен одбор од 12.03.2018 година, Одлука од Надзорен одбор, записник за одржано годишно собрание на акционери од 28.06.2018 година, извештај за проценка на вредноста на капиталот на должникот од 07.08.2013 година, извештај за проценка на вредноста на имотот на должникот од овластени проценувачи од Елит ДООЕЛ Скопје од мај 2018 година, лиценца за работа на Друштво за ревизија Аудит Македонија од 03.10.2016 година, изјава од проценителот, поднесок од должниот по забелешките од Комерцијална Банка од 29.05.2018 година, поднесок по забелешките од доверителот Гама Гуч од 30.05.2018 година со прилог докази, достава на алтернативен план од Топлификација АД Скопје од 30.05.2018 година, извештај за економско финансиската состојба на должникот и произнесување по планот од привремениот стечаен управник од 04.06.2018 година, извештај биланс на состојба и биланс на успех од 29.05.2018 година, состојба на конто за период од 01.01.2018 година до 01.03.2018 година, информација од ЦР на РМ за блокада на жиро сметките на должникот од 30.05.2018 година, известување од АКН на РМ од 21.05.2018 година, потврда од ЦДХВ АД Скопје од 15.05.2018 година, потврда од РМ МВР од 18.05.2018 година, информација од ЦР на

РМ од 15.05.2018 година, потврди од Заложен регистар од 15.05.2018 година, Имотен лист бр.44 829 , ИЛ бр. 44 251, ИЛ бр.9477, ИЛ бр.2688, ИЛ бр.551, ИЛ 552, поднесок од предлагачот од 04.06.2018 година, ИЛ бр.44829 од 04.06.2018 година, потврда од Заложен регистар од 04.06.2018 година, извештај за проценка на вредноста во оригинал од Елит ДООЕЛ Скопје со докази, пресуда на Врховен суд на РМ Рев.бр.197/17 од 27.12.2017 година, Одлука за лиценца објавена во Сл. весник на РМ од 23.06.2008 година, одлука за издавање на лиценца од Регулаторна комисија од 27.12.2017 година, Пресуда 5 ТС-212/16 од 02.11.2016 година, налог за извршување И бр.351/18 од 09.03.2018 година, налози за извршување од 09.03.2018 година, налог од 22.03.2018 година, 15.03.2018 година, 09.03.2018 година, 04.04.2018 година, 12.03.2018 година, заклучок од 16.03.2018 година, заклучок од 23.03.2018 година и од ден 26.03.2018 година од извршител Васко Блажевски, ИЛ бр.9106 за КО Гази Баба, потврда од Заложен регистар од 11.04.2018 година, финансиски извештаи и извештај на независните ревизори за должникот за 2012 година, 2013 година, 2014 година и 2015 година, изјава од Ланденс Банка Берлин АГ за прифаќање на планот за реорганизација подготвен од должникот заверена преведена од 18.04.2018 година, изјава од Битер Холдинг Лимитед со која се согласни со содржината на планот за реорганизација заверена предведена од 12.04.2018 година, изјава од Балкан Енерџи Груп од 11.04.2018 година, изјава од должникот за веродостојност на податоците од 04.04.2018 година, извештај за фактичките наоди и изјава за спроведливост на планот за реорганизација од овластен ревизор Аудит Македонија од 29.03.2018 година со вонреден ревизиски извештај од 01.03.2018 година, записник од собрание од 05.06.2018 година, полномошна за застапување на доверителот Битер Холдингс од 24.04.2018 година заверено преведено од 22.05.2018 година, допис од АКН на РМ од 26.04.2018 година и потврда од 03.05.2018 година, решенија од РМ Министерство за правда за лиценци на овластени судски преведувачи на име Жан Станојевски, Арсовска Сунчица и Талевска Катерина, превод на застапникот на Ланденс банка за патна исправа на име Глос Јор Херибер со фотокопија од патна исправа заверено кај нотар од 01.06.2018 година, полномошна за застапување на доверителите присутни на рочиштето од 05.06.2018 година, тековна состојба на име Балкан Енерџи Груп од 31.05.2018 година, тековни состојби со превод на име Битер Холдинг Лимитед, објава во дневен печат за свикување на собрание од 07.05.2018 година, "Нова Македонија" од 08.05.2018 година и објава во Сл. весник на РМ од 07.05.2018 година, специјално полномошно за застапување на доверителот Ланденс Банка Берлин заверено преведено кај нотар од 01.06.2018 година, предлог поднесен од Топлификација за отворање на стечајна постапка над истиот должник 4 СТ-160/18 со докази и решение за спојување кон 3 СТ-124/18 од 04.06.2018 година, поднесок од должникот од 07.06.2018 година, одлука за одобрување од Надзорен одбор од 06.06.2018 година, одлука од Управен одбор од 06.06.2018 година на должникот, пречистен текст на план за реорганизација на должникот од 06.06.2018 година со финансиски извештаи од 2012-2016 година, вонреден ревизорски извештај од 01.03.2018 година со дополнување од ревизорот од 06.06.2018 година, поднесок од Топлификација АД Скопје од 08.06.2018 година, поднесок од должникот

од 08.06.2018 година за доставување на пречистениот текст на планот до сите доверители присутни на рочиштето од 05.06.2018 година, со докази за уреден прием до сите доверители присутни со потврда за прием на пратки и дел со овластен превод од овластен преведувач за доверителот Битер Холдинг Лимитид и Ланденс банка Германија, поднесок од Топлификација од 8.6.2018 г., поднесок од должникот од 8.6.2018 г. со достава на пречистен текст на планот, со достава за прием и потврда на пратка заверена кај нотар 8.6.2018 г., дополнување на извештајот од 12.6.2018 г. од привремен стечаен управни, поднесок од Топлификација од 12.6.2018 г., поднесок од полномошникот на должникот од 12.6.2018 г. со изјава заверена преведена од Битер Холдинг Лимитед за пречистен текст, изјава од Битер Холдинг лимитед од 12.6.2018 г. заверена преведена кај нотар од 12.6.2018 г., изјава од Ланденс банка Заверена преведена за согласност за пречистениот текст на планот со потврда за прием, поднесок од полн. на доверителот Топлификација од Панче нефтенов од 13.6.2018 г., поднесок од полн. на доверителот гама Гуч од 13.6.2018 г., поднесок за откажување на полномошно од полн. Никола Арсовски од 13.6.2018 г., поднесок од Илирика Менаџмент АД Скопје од 13.6.2018 г. со докази, записник од 14.06.2018 година.

Други докази не се предлагаат.

**ДОКАЗНА ПОСТАПКА ЗАВРШИ**

Судот донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I.**

Предлогот за отварање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ – ТО АД Скопје **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ОТВАРА** стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје.

**СЕ ОДОБРУВА** прифаќањето на изготвениот пречистен план за реорганизација на должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија АД ТЕ-ТО Скопје.

Содржинскиот дел на планот за реорганизација од 08.06.2018 година преставува составен дел на ова решение.

**СЕ ЗАПИРА** отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје поради спроведување на усвоениот и одобрен пречистен план за реорганизација на должникот од 08.06.2018 година.

3 СТ-124/18

Предлогот поднесен од предлагачот доверител АД ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје за отварање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија АД ТЕ-ТО Скопје **СЕ ОТФРЛА.**

Да се објави оглас на веб страна на Централен Регистар во Службен весник на РМ и на огласна табла на судот.

Судот ќе изготви формално решение кое ќе биде изготвено согласно закон.

Денешното собрание на доверители заврши.

Записник од денешното собрание се дава на рака на странките.

**Предлагач - должник**

**Привремен стечаен управник**

**Доверители**

**Записничар**

**Судија**